РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-688/1
11.07.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# Р Е Ш Е Н И Е
## за поведување на постапка за избор на изработувач на Детален Урбанистички План

1.Со оваа Решение **СЕ ПОВЕДУВА** постапка за избор на изработувач на Детален урбанистички план за Урбана единица 3 , за Блок 3,1. населба "Центар" во град Валандово помеѓу улиците Булевар Првомајска, Улица Никола Карев, Улица 4ти Јули, Улица Орце Николов, Улица Иво Лова Рибар и Улица Моша Пијаде и Улица 6ти Ноември, со површина на планскиот опфат од 12,72ха.

2.Средствата во износ од 27435 € , во денарска против вредност по среден курс на народна банка за реализација на предметната постапка се обезбедуваат од Буџетот на Општина Валандово.

3.Изборот на изработувач на планот ќе се изврши врз основа најавен повик, согласно со одредбите од Законот за урбанистичко планирање, кој ќе биде објавен преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Валандово.

4.Јавниот повик за изработување на ДУП-от ќе го спроведе комисија во состав:

Горан Дончев –д.и.а, претседател, овл. Бр 0.0453

Ѓоко Аврамски – м.и.а, член

Зорица Пеева - д.е, член

5.Критериум за избор на најповолна понуда ќе биде економски најповолна понуда.

6. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Градоначалник**
**Перо Костадинов**

Изработил: Ѓоко Аврамски
Контролирал: Илија Матеев
Одобрил: Горан Дончев